Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура
тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.: 02/2785-428
obrazovanie@kiselavoda.gov.mk

Врз основа на член 4 и член 17 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја („Службен весник бр.66/2004, 89/2008 и 152/2015 ") Општина Кисела Вода објавува

# ЈАВЕН КОНКУРС

## ЗА ПРИБИРАЊЕ ИНИЦИЈАТИВИ И ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА ПОСВЕТЕНИ НА ЗНАЧАЈНИ ИСТОРИСКИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПЕРИОДОТ 2026-2030 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
28-76/2
26-01-2026 год.

Општина Кисела Вода објавува јавен конкурс за прибирање иницијативи и предлози за поставување спомен обележја посветени на значајни историски настани, личности и културни вредности поврзани со нашата Општина.

Право на учество имаат граѓани, здруженија , институции, културни работници и сите заинтересирани кои препознаваат личност или настан што заслужува да биде одбележан како дел од локалната историја.

Секој предлог треба да содржи кратко образложение за значењето на личноста или настанот, предлог локација, како и концепт за изглед на спомен обележјето( текстуален опис или скица).

Пријавите може да се доставаат во архивата на Општина Кисела Вода на ул. Петар Дељан бр.17 со назнака: За Јавниот конкурс за иницијативи и предлози за поставување спомен-обележја.

Рокот за поднесување е од 26.01.2026 година, а заклучно со 03.02.2026 година до 18:00 часот.

Сите пристигнати иницијативи ќе бидат разгледани од стручна комисија согласно законските прописи.

Општина Кисела Вода ги охрабрува граѓаните активно да придонесат кон зачувување и унапредување на локалното културно наследство.

**Комисија за разгледување иницијативи и предлози за поставување спомен-обележја на настани и истакнати личности во Општина Кисела Вода за периодот 2026-2030**